# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шеесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 април 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам 60-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Гајуп Сарач, Есад Рахиќ, Ванчо Георгиев, Гзим Острени, Абдулаким Адеми, Алија Ахмети, Трифун Костовски, Марјан Ѓорчев, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Јорданчо Тасев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев, Фазли Велију, Љупчо Мешков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 51-та, 52-та, 56-та, 57-та и 58-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 51-та, 52-та, 56-та, 57-та и 58-та седница на Собранието, се усвоени без забелешки.

Со оглед на тоа што работните тела на Собранието не одржаа седници и не ги разгледаа:Предлогот за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на растенија, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на законот на телекомуникациите, со

Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон; Предлогот на закон за основање на агенции за странски инвестиции на Република Македонија; Предлогот на законот за прекурсори; Предлогот на закон за Јавно обвинителство; Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот  за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот против ограничувањата на конкуренцијата, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон; Нацртот на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост; Предлогот за донесување на закон за воздухопловство; Предлогот за донесување на закон за управна инспекција и Предлогот за донесување на закон за општата управна постапка, и предложив на Владата на Република Македонија да предложи предлозите на овие закони да бидат разгледани на една од наредните седници на Собранието. Владата ја уважи оваа моја сугестија.

Владата на РМ предложи предлозите на овие закони да бидат разгледани на една од наредните седници на Собранието.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 63 пратеници, за предлогот гласале 61, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот денвен ред:

1. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје;

3. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на основниот суд во Штип;

4. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 60 години од одржувањето на Првото и Второто заседание на АСНОМ;

5. Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите и соработка меѓу Република Македонија и НАТО;

6. Предлог на закон за трговски друштва;

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон.

Дали има предлози за изменвуање на предложениот дневен ред.

Повелете госпоѓа Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван г-дине претседателе,

Сакам во името на група пратеници кои се предлагачи на Предлог декларацијата за подигнување на нивото на односите и соработка меѓу РМ и НАТО, што е ставено под точка 5 од предлогот на дневниот ред, да ве известам дека сакаме да ја повлечеме од дневниот ред на оваа седница и да замолиме да биде ставена како точка на дневен ред на првата наредна седница, од причини што сакаме да извршиме дополнително подобрување на текстот на декларацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали некој друг бара збор во врска со изменвуање и дополнување на дневниот ред.

Повелете г-дине Коце Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас сакам да се јавам процедурално. Имено сакам да го искажам нашиот протест, како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, за начинот на работа на Собранието на Република Македонија.

Имено, за време на одржувањето на изборната кампања за избор на претседател на Република Македонија, вие закажавте седница на Собранието, Притоа, исто така се закажаа и седници на комисиите…

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски збор имате за дневниот ред, дали имате предлози за измени и дополнувања на дневниот ред.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во тој контекс зборувам претседателе. Околу точките  е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете го вашето дополнување, па после образложете го. За точки на дневен ред сега зборуваме, за измени и дополнувања.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас зборувам и сакам да дојдам до точките на дневниот ред, претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате предлог некоја точка да се симне од дневен ред?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ќе го кажам тоа на крајот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Добро, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во текот на изборната кампања се закажа оваа седница, се закажаа седници и на комисиите, меѓутоа на комисиите, освен пратениците од опозицијата, пратениците од позицијата не дојдоа, имено си работеа на изборната кампања и според тоа сметам дека се злоупотреби работата на Собранието и мислам дека не е во ред да се продолжи така да се работи. Според тоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, гледајќи го ваквиот начин на работа на оваа седница, ние во знак на протест ќе ја напуштиме оваа седница, бидејќи Владата даде едно писмо со кое кажа само една точка да остане на дневниот ред и тоа докажува дека оваа седница смислено беше закажана да се отргне вниманието на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

(Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја напушти седницата на Собранието).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има други предлози за измени и дополнување на дневниот ред? (Нема)

Според тоа за денешната седница го утврдивме следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје;

3. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на основниот суд во Штип;

4. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 60 години од одржувањето на Првото и Второто заседание на АСНОМ;

5. Предлог на закон за трговски друштва;

6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 63 пратеници, 63 гласале за дневниот ред, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дневниот ред: - **Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 57 пратеници, 57 гласале за.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека изгласаната одлука е важечка.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на втората точка од дневниот ред: - **Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 62 пратеници, 61гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател на Апелационито суд во Скопје.

Минуваме на третата точка од дневниот ред: - **Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Штип**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 60 пратеници, 60 за нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката .

Минуваме на четвртата точка од дневниот ред: - **Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 60-ет години од оддржувањето на Првото и Второто заседание на АСНОМ.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлагачот на Предлогот на одлуката, Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе амандмани на точка 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 60 и сите 60 гласале за, нема воздржани , нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 60 години од одржувањето на Првото и Второто заседание на АСНОМ.

Минуваме на петтата точка од дневниот ред: - **Предлог на закон за трговски друштва.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 62 пратеници, 61 за, нема воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за трговски друштва.

Минуваме на шестата точка од дневниот ред: - **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и мислењето на Владата Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Најдовски, имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Само неколку реченици во име на предлагачите.

Законот е прилично краток, се однесува на пролонгирање на примената на законот што пред извесно време го донесовме во Собранието, со цел да се усогласат одредени одредби помеѓу овој закон и одделни други закони кои се во судир со постоечката пракса и кои доведуваат до одредени проблеми при реализацијата на законот што го донесовме пред неколку месеци во Собранието. Затоа предлагам за овој период, со оглед на тоа што ќе треба малку поголема анализа и работно ангажирање од надлежните министерства во Владата на РМ, да се овозможи за период од една година да се усогласат, пред се Законот за трговија, Законот за храна, Законот за акцизи, кои меѓусебе се контрадикторни со решенијата кои овде се предложени. Истовремено за овој период да им се овозможи на субјектите кои се од оваа област да го усогласат своето работење, бидејки како што реков во пракса веќе ќе се судриме, за неполн месец, доколку отпочне примената на законот, во судир меѓу различни надлежни институции и инспекции што се во РМ.

Не би сакал да ви одземам повеќе време инаку во име на предлагачите имам и доста обемни анализи кои членови конкретно се судираат меѓусебе, но во оваа прилика, како што реков не би одземал време, и со оглед на тоа што и Владата го поддржа односно даде позитивно мислење за донесувањето на овој закон, очекувам колегите пратеници да го поддржат донесувањето на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Најдовски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменвуање на Законот за заштита од пушењето.

Ве повикувам да гласате..

Гласале вкупно 60 пратеници, 60 гласале за, воздржан и против нема.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вклупно 55 пратеници, 55 за, нема воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 62 пратеници, 59 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита од пушењето.

Пред да ја затворам седницата сакам да ве информирам дека во вторник, после празниците продолжуваме со 50 седница.

Ви ги честитам Првомајските празници.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 60 седница на Собранието на Република Македонија.

( Седницата заврши со работа во 10,30 часот.